Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,04/19, 07/19 и 1/21), по барање на **Општина Гази Баба - Скопје**, за пресадување на дрвја, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши пресадување на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 7 (седум) дрвја (6 тополи и врба), кои се наоѓаат во **населба Хиподром 2 – за изградба на линиски инфраструктурен објект – улица „Улица 13“ во Хиподром 2, Општина Гази Баба - Скопје.**
2. Пресадувањето на дрвјата треба да го организира барателот под надзор на ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје на локација утврдена во кординација со ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје.
3. Пресадувањето на дрвјата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.
4. Се задолжува ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, да изготви записник за сите дејствија предвидени во точка 1 од ова решение.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**Општина Гази Баба, ул."Архимедова" бр.2 - Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/345** од **30.05.2024** година, за пресадување на дрвја, што се наоѓаат во **населба Хиподром 2 – за изградба на линиски инфраструктурен објект – улица „Улица 13“ во Хиподром 2, Општина Гази Баба - Скопје.**

Службеникот, од Град Скопје заедно со службеното лице од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека дрвјата предмет на барањето, се јавно зеленило и се наоѓаат на улицата каде е во постапка за реализација на ДУП за Маџари – Хиподром за изградба на линиски инфраструктурен објект – улица „Улица 13“ – во населба Хиподром 2, како што е наведено во Правосилното Одобрение за градба Бр. УП 1 бр.28-474 од 26.10.2015 год., издадено од Општина Гази Баба.

Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичко планска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.

Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,, .Надлежен субјект за реализација на ова решение е Општина Гази Баба.

Во член 34 став 1 од истиот закон е наведено дека интервенцијата врз зеленило може да се врши и заради изградба на објекти предвидени со урбанистички планови. Во став 2 од истиот член е наведено дека условите за реализација се утврдуваат во самото решение. Во конкретниот случај, овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило и дека барателот располага со правосолно одобрение за градба. Согласно наведеното, а имајќи ја во предвид состојбата на зеленилото, како и основната цел содржана во член 3 став 1 од Законот урбано зеленило односно, дека управувањето со урбаното зеленило се врши

на начин на кој трајно ќе се сочува и зголеми неговата вредност, за да може да ги врши своите функции, овој орган има одлучено да се врши пресадување на зеленилото (корнење и повторно садење) од страна на барателот во соработка и под надзор на ЈП „Паркови и зеленило“ – Скопје.

Бидејќи во случајот не се врши сечење на зеленилото, не постојат услови да му се наметне обврска на барателот за компензациско садење.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/345/2**
**10.06.2024** година
Скопје

**Доставено до:**Барателот, ЈП “Паркови и зеленило” - Скопје и Архива

изготвил:
____________________
**Александра Гочевска**

Раководител на Одделение
**Емил Ѓуровиќ**
____________________

Помошник Раководител на Сектор
**Драги Митковски**
____________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**
____________________